# ПРОГРАМА ЗА РАБОТА НА ЕСЕ

**јануари  2012 – декември 2012**

**Здружение за
еманципација,
солидарност и
еднаквост на жените на
РМ**

**СОДРЖИНА**


| | |
|---|---|
| **РЕЗИМЕ** | **3** |
| **ПРОГРАМСКИ КОМПОНЕНТИ** | **11** |
| **I. КОМПОНЕНТА: МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ** | **12** |
| **II. КОМПОНЕНТА: ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ** | **17** |
| **III. КОМПОНЕНТА: ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ** | **21** |
| **IV. КОМПОНЕНТА: ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА** | **23** |
| **V. КОМПОНЕНТА: ПОДГОТОВКА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРЕСОТ ПО ОДНОС НА ЗАКЛУЧНИТЕ КОМЕНТАРИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ** | **27** |
| **VI. КОМПОНЕНТА: АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НАСОКА НА РАЗВИВАЊЕ НА ФИЛАНТРОПИЈА** | **29** |


**РЕЗИМЕ**

Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените - ЕСЕ во изминатите 15 години од своето основање во континуитет го развива и помага женското лидерство за развој и спроведување на женските човекови права и социјална правда во нашето општество.

ЕСЕ во своето работење се води од својата посветеност кон решенија на проблемите. По пат на унапредување на човековите права ја подобруваме социјалната и економската правда, притоа сметајќи дека претставуваат неделив збир од стандарди кои треба да ги уживаат сите луѓе. Затоа, сме фокусирани на две цели – да се излезе во пресрет на итните потреби на жените, како и да се влијае при креирањето на одржливи, долгорочни промени. Правиме многу повеќе од документирање и осуда на нанесените неправди на жените во сите сфери на нашето живеење. Работиме со жените врз кои е извршено насилство и чии права се прекршени. На тој начин им овозможуваме да го остварат своите права и да ги променат условите во кои живеат. Од друга страна, ги менуваме законите и политиките кои влијаат на женските човекови права.

Преку програмите за женски човекови права, женско здравје и јавна политика:

- обезбедуваме услуги и поддршка за жените и доколку е потребно за членовите на нивните семејства;
- ги застапуваме човековите права и се бориме за социјална правда;
- истражуваме, нудиме поинакви решенија за едукација на луѓето и ги инспирираме за преземање на акција;
- работиме за правична распределба на ресурсите заради одржливост на социјалните промени.

ЕСЕ е посветена на својата мисија и во периодот што следува, односно 2010-2013. Активностите планирани за овој период ќе претставува континуитет на досегашните резултати и постигнувањата, но предвидуваат иницирањето и воведување на нови концепти и модели за остварување на женските човекови права и воопшто, човековите права. Понатаму, со оваа програма, ќе се обединат трите програми на ЕСЕ со цел да се зајакнат капацитетите на локалните заедници што ќе резултира во создавање на локални политики и преземање на конкретни акции преку кои ќе се идентификуваат потребите на граѓаните и со кои ќе се оствари целосно практикување на човековите права на локално ниво. Најпосле, програмата за Женски човекови права и програмата за Јавно здравје и здравје на жените ќе работи на подобрување на пристапот на Ромската популација до правниот систем со фокус на правото на здравствена заштита.

Програмата за работа на ЕСЕ за 2012 година преставува продолжение на веќе преземените активности на локално и национално ниво.

Во 2012 ќе продолжиме со спроведување на активности кои преставуваат воведување на нови методологии/алатки во работењето на ЕСЕ, односно интегрирање на мониторинг и анализа на буџети. Во таа насока ЕСЕ ќе преземе активности кои значат продолжување и обезбедување на континуитет на активностите на национално и локално ниво, но исто така ќе преземе активности кои значат проширување и надополнување на истите.

Традиционално ЕСЕ ќе продолжи со обезбедување на потребната помош и поддршка на ранливите категории на жени. Во таа насока Здравствено информативниот центар; Центарот за правна помош и Психолошкото советувалиште ќе обезбедуваат соодветна помош и поддршка на жените/девојките од областа на женско здравје и на жените – жртви на семејно насилство.

Во 2012 година ЕСЕ ќе продолжи да спроведува активности кои имаат за цел воведување на програма за пара правна помош во ромските заедници во општините Шуто Оризари и Делчево. Дополнително, од оваа година ЕСЕ ќе преземе активности во насока на зголемување на свесноста за потребата од почитување на човековите права во обезбедување на здравствената заштита кај практичарите и зголемување на свеснсота за можностите за заштита на паравата на пациентите кај општата популација.

Во духот на востановената практика на мониторирање и известување пред меѓународните тела во однос на сотојбата на жените, оваа програмска година ЕСЕ во соработка со Здружението на граѓани Акција Здруженска ќе преземе активности во насока на подготовка на периодичен извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените. Оваа активност ќе има за цел спроведување на анализа на степенот на спроведување на Заклучните коментари на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените и анализа на правната усогласеност на постојното законодавство со одредбите на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

Планираните активностите за развивање на филантропија за 2012 година ќе се одвиваат во насока на предефинирање на досегашниот пристап и воведување на нови алатки во прибирање на средства за потребите на нашите корисннички.

***<u>Мониторинг и анализа на буџети</u>***

Во текот на 2010 и 2011 година ЕСЕ презема низа активности во насока на интегрирање на концептот за мониторирање и анализа на буџетите на национално и локално ниво. На национално ниво преземавме активности за мониторинг и анализа на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца. Дополнително овие активности ги збогативме со активности за мониторинг во четири локални ромски организации во текот на 2011 година. Активности за мониторинг на заедницата, односно резултатите од мониторингот ќе помогнат во градење на поуспешна стратегија за застапување по однос на прашањето за имунизација на Ромски деца. Во 2012 година ќе продолжиме со спроведување на овие активности.

Активностите за мониторинг и анализа на национално ниво во текот на 2012 година ќе ги прошириме со мониторинг и анализа на Програмата за рана детекција на малигни заболувања. Имено, од активностите предвидени со оваа програма ќе спроведеме мониторинг и анализа на активностите за детекција на рак на грлото на матката и карцином на дојката.

На локално ниво ќе преземеме активности кои значат продолжување на соработката со општините Тетово и Кочани.  Имено во 2010 година ЕСЕ во соработка со локални експерти, граѓани и општинска администрација во Тетово и Кочани подготви  локални акциони планови за унапредување на заштитата од семејно насилство и унапредување

на сексуалното и репродуктивното здравје во двете општини. Во 2011 година ЕСЕ спроведе активности за усвојување на акционите планови од двете општини и нивно вклучување во буџетот на општините. Во 2012 година ЕСЕ ќе врши мониторинг врз спроведувањето на општинските буџети за спроведување на предвидените активности во локалните акциски планови. Дополнително во двете општини ЕСЕ ќе спроведе пилот истражувања за утврдување на степенот на учество на граѓаните во општинските буџетски процеси.

Покрај активностите кои значат интегрирање на мониторинг и анализата на буџети во работењето на ЕСЕ, во 2012 година дел од персоналот на ЕСЕ ќе присуствува на три обуки за зајакнување на своите капацитети. Обуките ќе бидат испорачани од меѓународни и домашни обучувачи. Покрај обуките ЕСЕ ќе спроведе и процес на стратешко планирање кој ќе има за цел соодветно интегрирање на овој концепт во активностите на ЕСЕ.

Во рамките на оваа програмска компонента во периодот јануари – декември 2012 ќе се спроведат следните активности:

1.Активности за мониторинг и анализа на буџетот и спроведување на мониторинг во заедницата во однос на спроведување на активностите за зголемена имунизација на Ромите предвидени во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца;

2.Активности за мониторинг и анализа на буџетот за спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања (рак на гради и рак на грлото на матката);

3. Активности за мониторинг и анализа на буџети на локално ниво со цел унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје и заштита од семејно насилство и

4. Активности за градење на капацитетите на ЕСЕ за интегрирање на мониторингот и анализата на буџети во сите сфери на интерес.

*Спроведените активностите во 2012 ќе резултираат со*: подобрена транспарентност на буџетскиот процес на национално и локално ниво; овозможен пристап до јавни документи и податоците за буџетот за граѓаните и организациите на граѓанското општество; подобрено разбирање за буџетскиот процес на двете нивоа кај граѓаните и за потребата од нивно вклучување во овој процес; подобрен отчет и транспарентност на националните владини тела и единиците на локалната самоуправа; спроведен мониторинг на имплементацијата на активностите за зголемување на имунизираноста на Ромските деца од Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца, преку извршен мониторинг на имплементацијата на Програмата, спроведен мониторинг на извршувањето на буџетот предвиден за програмата и спроведен мониторинг на заедницата; зголемен опфат со имунизација на ромската популацијата остварен преку застапување на национално и локално ниво; спроведен мониторинг на имплементацијата на Програмата за рана детекција и превенција од карцином (карцином на грлото на матката и карцином на дојката) и спроведен мониторинг на извршувањето на буџетот предвиден за оваа програма од Министерството за здравство;. унапреден пристапот на жените (особено маргинализираните групи на жени) до здравствените услуги за превенција од карцином на матка и дојка; спроведен мониторинг и анализа на локалните буџетите со цел утврдување на степенот на спроведување на подготвени локални акциони планови за унапредување на репродуктивното здравје и за заштита од семејно насилство; подготвени два документи кои ќе ги содржат клучните активности и цели на локалните акциски планови, потребните буџетски средства, како и можните извори и средства за пренамена; реализирани средби и состаноци со целните лица за застапување во општина Кочани и општина

Тетово; спроведено пилот истражување за утврдување на ен степенот на учество на граѓаните во буџетските процеси на општините Тетово и Кочани; спроведен процес на стратешко планирање на ЕСЕ за интегрирање на мониторинг и анализа на буџети на централно и локално ниво и зајакнати капацитетите на ЕСЕ преку спроведување на три обуки.

***<u>Директни услуги за ранливите категории на жени</u>***

Во рамките на оваа програмска компонента во 2012 година ЕСЕ ќе продолжи со традиционално обезбедување на потребната помош и поддршка на ранливите категории на жени. Во таа насока предвидено е работењето на центрите/советувалиште кои низа години работат на унапредување на женското здравје и заштитата од семејно насилство, односно работењето на:

- *Здравствен информативен центар;*
- *Центар за правна помош за жени жртви на семејно насилство и*
- *Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство.*

Работењето на овие центри/советувалиште имаат за цел унапредување на статусот на ранливи и маргинализирани категории на жени, односно обезбедување на соодветна и квалитетна здравствена информација која ќе им овозможи на жените да бидат подготвени да донесуваат здрави одлуки, и обезбедување на бесплатна правна и психосоцијална помош и поддршка, како и судско застапување на жртвите на семејно насилство.

*Спроведените активностите во 2012 ќе резултираат со*: обезбедени соодветни и квалитетни здравствени информации на приближно 100 жени/ девојки во текот на една година; подигната јавна свесност и промоција на здравјето за специфичните прашања поврзани со здравјето на жените; обезбедена бесплатна правна и психосоцијална помош и поддршка за приближно 200 жени жртви на семејно насилство и судско застапување за 10 жртви на семејно насилство; обезбедена психолошко советување и поддршка за приближно 40 жени жртви на семејно насилство (вклучувајќи ги и нивните деца).

***<u>Параправна помош и олеснување на пристапот до системот за заштита на правото на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на правата на пациенти</u>***

Ромите се маргинализирани од повеќе аспекти во јавниот и општествениот живот, меѓу кои и пристапот до правда, особено во однос на нивното право на здравствена заштита, пристапот до услугите за здравствена заштита, како и нивниот квалитет. Податоците од теренските истражувања укажуваат на постоење на дискриминаторски практики во однос на можноста на Ромите за целосно уживање на човековите права, особено на нивното право на здравствена заштита, како и нивниот третман како пациенти, иако медицинскиот персонал го негира постоењето на таквите практики. Оттаму, во 2011 година ЕСЕ ќе започне со процес на воведување на програми за пара-правна помош во ромските заедници во Шуто Оризари и Делчево преку кои ќе се олесни пристапот на Ромите до правниот систем со акцент на правото на здравствена заштита.

Водени од овие потреби на Ромите, во соработка со ромските организации ЦДРИМ, Скопје и КХАМ, Делчево во текот на 2011 година ЕСЕ воведе програми за обезбедување на параправна поддршка за заштита на правата на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациенти.

Од анализата на податоците, односно од утврдените состојби по однос на степенот на спроведување на правата за заштита на пациенти меѓу ромското население во Шуто Оризари и Делчево, може да се заклучи дека ниту едно од правата на пациентите не се почитуваат потполно. Поради тоа во 2012 година ЕСЕ ќе продолжи со спроведување на активностите на ова поле.

Во рамките на оваа програмска компонента ќе се спроведат следните активности:

1. Континуирана обука за параправници;
2. Функционирање на програмата за параправна помош;
*2.1. Параправна поддршка*
*2.2. Информативните активности*
*2.3. Едукативни активностите*
3. Организирање на јавни дебати и
4. Подготовка на годишни извештаи за спроведување и заштита на правото на здравје на Ромите

*Спроведените активностите во 2012 ќе резултираат со*: зголемени можности за обезбедување на параправна поддршка на правата на пациентите и други права утврдени со процената на потребите на ромските заедници; зголемен пристап до системот за заштита, особено за заштита на правата на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациентите; поголемо разбирање кај Ромите за правото на здравствена заштита, специфичната здравствена состојба и прекршувањата на правата на пациентите; засилени активности на застапување и лобирање на ромските организации за заштита на правата за здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациентите; зајакната комуникација и соработка со релевантните институции по однос на заштитата на споменатите права; организиран и спроведен циклус на континуирани обуки за 10 лица кои обезбедуваат параправна помош и обновени упатства за обезбедување на параправна помош; зголемена свесност кај ромите за специфичните здравствени прашања релевантни за ромските заедници (деца, жени, мажи, хендикепирани лица, стари лица и други ранливи групи) преку организирање на шест тркалезни маси; спроведени активности за застапување преку одржување на две јавни дебати во вклучените ромски заедници (во секоја од селектираните ромски заедници по една јавна дебати) и подготвени годишни извештаи кои ќе содржат сумирана анализа на собраните податоци, искуства и научени лекции од обезбедувањето на параправна помош во Шуто Оризари и Делчево.

## ***<u>Човекови права во здравствена заштита</u>***

Правото на здравје, односно "правото на секое лице на најдобро физичко и ментално здравје кое може да се постигне"[1], е право кое за прв пат е артикулирано за време на основањето на Светската здравствена организација-СЗО во 1946 година. Универзалната декларација за човекови права од 1948 година, ова право го споменува како дел на правото на адекватен животен стандард, додека Меѓународниот пакт за социјални,

[1] Член 12 од Меѓународниот пакт за социјални, економски и културни права.

економски и културни права од 1966 година ова право го уредува како одделно човеково право. Со член 12 на овој пакт, државите – договорни страни се обврзуваат да го признаат правото на секое лице на најдобро физичко и ментално здравје што може да се постигне во дадената земја. Овој пакт ги пропишува и мерките кои договорните страни треба да ги преземат со цел да обезбедат целосно остварување на ова право.
И покрај низа значајни постигнувања и континуирани напори за унапредување, уживањето на правото на здравје за одредени категории на лица се уште е недостижно. Според видувањата на Специјалниот известувач на ОН за правото на физичко и ментално здравје, "интеракцијата на многумина со здравствените установи и давателите на здравствени услуги е проследена со дискриминација, злоупотреба и со прекршување на основните права", односно постои потреба од запознавање и информирање на пациентите и здравствените работници за препознавање и применување на човековите права при обезбедување на здравствени услуги, како и градење на однос на еднаквост и почитување помеѓу пациентот и здравствениот работник, односно елиминирање на факторите кои можат да водат кон ограничување и нарушување на правото на здравје.

Оттаму, неодминлив дел од остварување на правото на здравје се правата на пациентите. Под права на пациентите се подразбираат права, одговорности и должности според кои поединците бараат и примаат здравствена заштита. Човековите права во здравствената заштита, пак ги подразбираат сите права признаени со меѓународните документи, кои се релевантни за обезбедување на здравствената заштита. Всушност, тие се од непроценливо значење за обезбедување на квалитетна и соодветна здравствена заштита, согласно на највисокиот можен стандард. Но, човековите права во здравствената заштита не упатуваат само на правата на пациентите, туку и на стандардите во обезбедување на заштитата кои подеднакво ги засегаат здравствените работници и општеството во целост. Заложбите за правата на пациентите е резултат на глобалното движење за повикување на одговорност на државите и здравствените работници во обезбедување пристап на квалитетна здравствена заштита.

Во рамките на оваа програмска компонента ќе се спроведат следните активности:
1. Прирачник за практичари – Човековите права во здравствената заштита;
2. Обука за практичари;
3. Веб страна наменета за практичари;
4. Подготовка на информативни материјали наменети за општа популација;
5. Подготовка на анализа во однос на степенот на спроведување на Законот за заштита на правата на пациенти и
6. Ангажирање на соработник.

*Спроведените активностите во 2012 ќе резултираат со:* зголемен свесност за заштита на правото на здравје кај практичарите преку обновување на прирачникот за практичари и посебната тематска страница за заштита на права на пациенти; зајакната соработка со практичарите на полето на заштита на права на пациентите; зголемени можности за преземање и иницирање на случаи на заштита на правото на здравје; зголемена свесност за правата на пациенти кај општата популација- пациентите и особено кај одредени категории на ранливи лица, преку подготовка на брошури и објавување на општа брошура за заштита на права на пациенти; зголемени можности за информирање, односно запознавање на практичарите и општата јавност со новините на полето на заштита на права на пациенти и утврден степенот на спроведување на Законот

за заштита на права на пациенти и идентификувани потребите и мерките за унапредување на состојбите.

***<u>Подготовка на извештај за прогресот по однос на заклучните коментари на Комитеот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените</u>***

Република Македонија ја има ратификувано Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените, од што произлегува и обврската за нејзино инкорпорирање во позитивното законодасвтво, како и да ги почитува и применува нејзините одредеби. Согласно обврската за известување по однос на степенот на спроведување на овој меѓународен документ, РМ со задоцнување во 2005 година го поднесе својот инцијален, втор и трет перидоичен извештај кон Конвенцијата. Комбинираниот извештај на РМ беше разгледуван од страна на Комитетот на неговата 34 седница која се оджа на 25.01.2006 година. По одржување на седницата Комитетот ги изготви и упати до РМ своите Заклучни коментари[2]. Заклучните коментари ги содржат гласвните области на загриженост и препораките за натамошно унапредување на состојбите.

Користејќи ја можноста од учество на граѓанки организации во процесот на известување пред Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, ЕСЕ во периодот 2003-2005 година спроведе процес на процена и фактичката состојба на жената во нашата земја и направи анализа на правната усогласеност на позитивното законодавство. Како резултат на овој процес беше подготвен и публикуван Извештај во сенка кон Конвенцијата[3], кој беше презентиран на пред сесија на Комитетот во 2005 и на 34 сесија на Комитетот кога и официјален о нашата држава известуваше по однос на овој меѓународен документ.

По однос на изразените сфери на загриженост содржани во Заклучните коментари, Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените бара РМ да одговори во следниот периодичен извештај, односно да го достави својот четврт периодичен извештај во февруари 2007, петтиот периодичен во февруари 2011, или комбинираниот извештај во 2011 година.

Оттаму, во насока на следење на добрата практика на мониторирање и известување пред меѓународните тела во однос на сотојбата на жените, оваа програмска година ЕСЕ во соработка со Здружението на граѓани Акција Здруженска ќе преземе низа активности во насока на подготовка на периодичен извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

Во рамките на оваа програмска компонента ќе се реализираат следните активности:
1. Активности за утврдување на остварениот прогрес по однос на Заклучните коментари на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз на истите и преку спроведување на низа консултативни средби со претставници на граѓански организации, кои работат на полето на родова еднаквост и

---

[2] http://www.esem.org.mk/Root/mak/_docs/Izvestai/Izvestai%20vo%20senka/1/Заклучни%20коментари.pdf

[3] http://www.esem.org.mk/Root/mak/_docs/Izvestai/Izvestai%20vo%20senka/Извештај%20во%20сенка%20кон%20Конвенцијата%20за%20елиминација%20на%20сите%20форми%20на%20дискриминација%20врз%20жената.pdf

2. Активности за оценување на усогласеноста на постојното законодавство со одредбите на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените;
3. Активности за проготвка на перидичен извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

*Спроведените активностите во 2012 ќе резултираат со:* утврдена состојбата во однос на прогресот на спроведување на заклучните коментари на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените; утврдена правната усогласеност на постојното законодавство со одредбите на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените; зголемено разбирање за одредбите на Конвенцијата кај општата јавност, граѓанските организации и одговорните институции на полето на родова еднаквост; зголемено разбирање и знаење за местото и улогата на граѓанските организации во следење на степенот на спроведување на меѓународните документи и процесот на известување пред меѓународните тела, вклучувајќи го и влијанието на препораките на овие тела врз политиката за родова еднаквост на национално ниво; зголемени можности за промовирање на стандардите предвидени со Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените и зголемен степен на соработка помеѓу релеваните актери на полето на родова еднаквост.

***<u>Активности за прибирање на средства во насока на развивање на филантропија</u>***

Во 2012 година ЕСЕ во рамките на оваа програмска компонента ќе спроведе активности за развивање на индивидуална филантропија и развивање на концептот на општествена одговорност. Овие активности ќе се организираат на национално и на локално ниво.

Активностите кои ќе се преземат во рамките на оваа програмска активност ќе се дефинираат во согласност со утврдените долгорочни потреби на ЕСЕ на полето на прибирање на средства.

*Спроведените активностите во 2012 ќе резултираат со:* зголемен бројот на индивидуални филантропи и стопански субјекти кои донирале на национално и локално ниво (општина Кочани и Тетово).

**ПРОГРАМСКИ КОМПОНЕНТИ**

Во рамките на годишната програма на ЕСЕ за 2012 година предвидени се шест програмски компоненти, и тоа:

**I. КОМПОНЕНТА: МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ**

**II. КОМПОНЕНТА: ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ**

**III. КОМПОНЕНТА: ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ**

**IV. КОМПОНЕНТА: ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА**

**V. КОМПОНЕНТА: ПОДГОТОВКА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРЕСОТ ПО ОДНОС НА ЗАКЛУЧНИТЕ КОМЕНТАРИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ**

**VI. КОМПОНЕНТА: АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НАСОКА НА РАЗВИВАЊЕ НА ФИЛАНТРОПИЈА**

## I. ПРОГРАМСКА КОМПОНЕНТА: МОНИТОРИНГ И АНАЛИЗА НА БУЏЕТИ

Во текот на 2010 и 2011 година ЕСЕ презема низа активности во насока на интегрирање на концептот за мониторирање и анализа на буџетите на национално и локално ниво. На национално ниво преземавме активности за мониторинг и анализа на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца. Дополнително овие активности ги збогативме со активности за мониторинг во четири локални ромски организации во текот на 2011 година. Активности за мониторинг на заедницата, односно резултатите од мониторингот ќе помогнат во градење на поуспешна стратегија за застапување по однос на прашањето за имунизација на Ромски деца. Во 2012 година ќе продолжиме со спроведување на овие активности.

Активностите за мониторинг и анализа на национално ниво во текот на 2012 година ќе ги прошириме со мониторинг и анализа на Програмата за рана детекција на малигни заболувања. Имено, од активностите предвидени со оваа програма ќе спроведеме мониторинг и анализа на активностите за детекција на рак на грлото на матката и карцином на дојката.

На локално ниво ќе преземеме активности кои значат продолжување на соработката со општините Тетово и Кочани. Имено во 2010 година ЕСЕ во соработка со локални експерти, граѓани и општинска администрација во Тетово и Кочани подготви локални акциони планови за унапредување на заштитата од семејно насилство и унапредување на сексуалното и репродуктивното здравје во двете општини. Во 2011 година ЕСЕ спроведе активности за усвојување на акционите планови од двете општини и нивно вклучување во буџетот на општините. Во 2012 година ЕСЕ ќе врши мониторинг врз спроведувањето на општинските буџети за спроведување на предвидените активности во локалните акциски планови. Дополнително во двете општини ЕСЕ ќе спроведе пилот истражувања за утврдување на степенот на учество на граѓаните во општинските буџетски процеси.

Покрај активностите кои значат интегрирање на мониторинг и анализата на буџети во работењето на ЕСЕ, во 2012 година дел од персоналот на ЕСЕ ќе присуствува на обуки за зајакнување на своите капацитети.

Во рамките на оваа програмска компонента во периодот јануари – декември 2012 ќе се спроведат следните активности:

**1. Активности за мониторинг и анализа на буџетот и спроведување на мониторинг во заедницата во однос на спроведување на активностите за зголемена имунизација на Ромите предвидени во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца**

Од 2008 година ЕСЕ е вклучен во проектот за унапредување на опфатот со имунизација на Ромските деца преку мониторинг на буџетот на Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и активности за застапување. Главното постигнување на овој проект е вклучување на активности за идентификување на неимунизирани Ромски деца од Ромските заедници во Македонија, како активности во Министерството за здравство, програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2011. Од Јуни 2011 година, ЕСЕ во соработка со четири Ромски граѓански организации започна процес за мониторинг на имплементацијата и буџетските трошења на оваа програма на национално и локално ниво, проследено со мониторинг на заедница за имплементација на програмата на локално ниво. Во текот на 2012 година, ЕСЕ ќе ги продолжи своите ангажмани за работа

на ова поле, предводејќи ги активностите за мониторинг на буџетите и застапување на национално ниво и координирање и обезбедување на техничка помош на Ромските граѓански организации за спроведување на активности за мониторирање на заедницата и мониторинг на имплементацијата на програмата на локално ниво.

Со цел продлабочување на мониторингот и анализата на извршувањето на програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца ЕСЕ планира да ги спроведува следните активности:

***<u>А) Активности за мониторинг и анализа на буџети и застапување на национално ниво</u>***

**А.1. Продолжување на соработката со лицата одговорни за спроведувањето на активностите предвидени во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца**

Во изминатите години на работа ЕСЕ идентификуваше повеќе лица одговорни за подготовката, усвојувањето, имплементацијата и мониторингот на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ. Во тек на програмската година 2012 ЕСЕ ќе продолжи активно да контактира и соработува со овие лица со цел мониторинг на спроведување на Програмата, како и застапување за понатамошно унапредување на Програмата, со цел зголемен опфат на децата Роми со вакцинација и превентивни здравствени услуги.

**А.2. Мониторинг и анализа на спроведувањата на активностите предвидени со Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и мониторинг и анализа на буџетот на програмата, со посебен осврт на активностите насочени кон ромската заедница**

Целта на мониторингот на извршувањето на буџетот е да се согледаат разликите во предвидените трошоци за реализација на одделните активности и фактичките трошоци.

**А.3. Подготовка на документ за застапување (Policy brief)**

По спроведената анализа ЕСЕ ќе подготви документ кој ќе ги содржи клучните наоди по однос на имплементацијата на активностите насочени кон ромското население во Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца за 2011 година, опфатот на ромското население со активностите и буџетските трошоци во склоп на програмата, а воедно ќе содржи и препораки за понатамошно унапредување на состојбата со опфатеноста со вакцинација на децата Роми во Македонија. Овој документ ќе вклучува и препораки за подобрување, дополнување или усовршување на програмските активности и правилно искористување на буџетираните средства за реализација на програмата.

***<u>Б) Активности за спроведување на мониторинг во заедницата</u>***

Како продолжување на започнатите активности во овој домен ЕСЕ создаде партнерска мрежа со 4 ромски граѓански организации каде има улога на координирање на

активностите кои локалните граѓански организации треба да ги спроведуваат на ниво на локалните заедници. Целта на овие активности е да се утврди опфатеноста на ромското население со активностите за зголемен опфат на децата Роми со вакцинација и со превентивни здравствени услуги, предвидени во Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ. Паралелно со мониторингот во заедницата на локално ниво, ЕСЕ ќе изврши мониторинг на спроведувањето на Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во РМ на национално ниво и мониторинг на буџетските трошоци од програмата. Наодите од оваа анализа ќе бидат искористени во понатамошниот процес на застапување, а со цел зголемен опфат на децата Роми со вакцинација и со останатите превентивни здравствени услуги.

**2.Активности за мониторинг и анализа на буџетот за спроведување на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, со посебен осврт на компонентите за превенција на малигните заболувања на дојката и на грлото на матката**

Во оваа програмска година ЕСЕ ќе спроведе анализа на степенот на спроведување на активностите кои се предвидени со Програмата за рана детекција на малигни заболувања, во однос на компонентите за превенција на ракот на дојката и ракот на грлото на матката. Покрај мониторинг на степенот на спроведување на програмските активности, ЕСЕ ќе спроведе и анализа на буџетот на оваа програма, пред се за планирањето и трошењето на буџетот на оваа програма. На овој начин ќе се утврдат причините за несоодветното спроведување на мерките и активностите од оваа програма. Во анализата на програмата посебно внимание ќе се обрне на користењето на здравствените услуги предвидени во програмата од страна на маргинализираните групи на жени (рурални жени, жени Ромки, жени од ризични социо-економски средини и сл.).

Во насока на спроведување на мониторинг и анализа на буџетот на наведените компоненти/активности на програмата, ЕСЕ ќе ги спроведе следните активности:

**2.1. Идентификување на лица одговорни за спроведувањето и мониторинг на Програмата за рана детекција на малигни заболувања, односно на компонентите за рана детекција на ракот на грлото на матката и карциномот на дојката**

Оваа активност подразбира идентификување на сите лица вклучени во подготовка и реализација на програмата за рана детекција на малигни заболувања, како и лица кои можат да застапуваат до лицата одговорни за донесување на програмата.

**2.2. Мониторинг и анализа на спроведувањата на предвидените активности во програмата рана детекција на малигни заболувања, во компонентите за рано откривање на рак на грло на матка и карцином на дојка и мониторинг и анализа на предвидениот буџет за реализирање на овие активности**

Следењето на спроведувањето на активностите ќе значи мониторинг на реализацијата на активностите, опфатност на жени и средства за реализација на одделните активности, согласно со буџетот на програмата. Мониторингот и анализата на наведените активности ќе се спроведе во соработка со одговорните лица за нивно спроведување.

### 2.3. Подготовка на документ за застапување (Policy brief)

По спроведената анализа, ЕСЕ ќе подготви документ кој ќе ги содржи клучните наоди за спроведување на активностите за рано откривање на рак на грло на матка и карцином на дојка предвидени со Програмата за рана детекција на малигни заболувања, вклучувајќи ги и наодите од анализата на буџетите (планирани и спроведени) за овие активности.
Овој документ ќе содржи и препораки за подобрување, дополнување или усовршување на програмските активности и правилно искористување на буџетираните средства.

## 3. Активности за мониторинг и анализа на буџети на локално ниво во насока на унапредување на сексуалното и репродуктивно здравје и заштита од семејно насилство

***<u>А) Активности за мониторинг и анализа на буџети на локално ниво (општина Кочани и општина Тетово)</u>***

Овие активности се продолжување на активностите кои ЕСЕ ги започна во 2010 година. Во текот на 2011 година, ЕСЕ спроведе активностите за застапување за усвојување на локалните акциски планови проследени со соодветна буџетска алокација за периодот 2012 – 2013 година. По усвојувањето на локалните акциски планови во двете општини, ЕСЕ ќе врши мониторинг на спроведување на активностите и буџетските средства предвидени за тие активности за 2012 година. Паралелно со активностите за мониторинг на буџетите и застапувањето, ЕСЕ планира да преземе чекори во насока на зајакнување на познавањата на граѓаните за можноста од вклучување во буџетскиот процес на локално (општинско) ниво. Со цел да се добијат релевантни податоци по однос на ова прашање, ЕСЕ ќе спроведе пилот истражување за граѓанската учество во буџетскиот процес на локално (општинско) ниво. За целите на пилот истражувањето ги селектиравме општините Тетово и Кочани.

### А.1. Продолжување на соработката со одговорните лица за спроведување на локалните акциски планови

Како резултат на спроведените активности во 2010 и 2011 година, ЕСЕ формираше работни групи составени од одговорни лица од општинската администрација, членови на Советите на општините и претставници на државни институции кои работеа на подготовка и усвојување на овие локални акциски планови. Во насока на спроведување на активностите за 2012 година, односно, мониторинг врз спроведување на активностите на плановите во двете општини, ЕСЕ ќе продолжи да соработува со веќе идентификуваните одговорни лица.

### А.2. Мониторинг и анализа на локалните акциски планови и буџетите на локално ниво

Мониторинг и анализата на спроведување на активностите предвидени со локалните акциски планови имаат за цел утврдување на степенот на спроведување на планираните активности. Оваа активност ќе спроведе преку анализа на општинските буџети.

***<u>Б) Активности за спроведување на пилот истражување за учеството на граѓаните во буџетскиот процес на локално ниво</u>***

ЕСЕ во рамките на компонентата за мониторинг и анализа на буџети ќе спроведе пилот истражување во две општини и тоа Тетово и Кочани. Целта на ова пилот истражување е да се утврди состојбата по однос на граѓанското учество во одделните фази на буџетскиот процес. На овој начин ќе се добие појдовна слика и ќе се утврдат критичните точки за понатамошно влијание во правец на почитување на меѓународните стандарди за буџети и зголемување на учеството на граѓаните во буџетскиот процес.

**4. Активности за градење на капацитетите на ЕСЕ за интегрирање на мониторингот и анализата на буџети во сите сфери на интерес**

Имајќи ја во предвид краткорочната и долгорочната визија на ЕСЕ за интегрирање на концептот на мониторинг и анализа на буџети во сите сфери од своето работење, како и веќе стекнатото искуство од процесот на интегрирање на концептот за мониторинг и анализа на буџети, во 2012 година ЕСЕ ќе продолжи со јакнење на своите човечки ресурси/капацитети и ќе спроведе процес на стратешко планирање.

## II. КОМПОНЕНТА: ДИРЕКТНИ УСЛУГИ ЗА РАНЛИВИТЕ КАТЕГОРИИ НА ЖЕНИ

Во рамките на оваа програмска компонента предвидено е продолжување на работењето на центрите/советувалиште кои низа години работат на унапредување на женското здравје и заштитата од семејно насилство, односно:

***1. Здравствен информативен центар***

***2. Центар за правна помош за жени жртви на семејно насилство и***

***3. Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство.***

***Здравствен информативен центар***

Поаѓајќи од нашата определба за унапредување на положбата на жената преку поголема информираност за здравствените проблеми и поттикнување за самостојно донесување на здрави избори, отворивме здравствен информативен центар. Преку Здравствениот информативен центар обезбедуваме достапна, квалитетна и бесплатна здравствена информација и услуга на сите девојки и жени без оглед на нивната возраст, финансиска состојба и етничка припадност. Овој центар работи од 2004 година во рамките на ЕСЕ.

Здравствениот информативен центар е отворен и за машката популација, особено за прашања поврзани за контрацепцијата и сексуално преносливите инфекции, состојбите кои се поврзани со одговорност и одлука од страна на двата партнера. Здравствениот информативен центар е место за поддршка каде што квалификуваниот и искусен персонал верува во партнерската релација помеѓу лекарот/ката и клиентката или клиентот и верува во важноста на рамнотежата помеѓу физичкото, психичкото и емоционалното здравје како елементи кои придонесуваат до потполна благосостојба на човекот.

Нашите здравствени професионалци/ки во центарот обезбедуваат совети, индивидуална и групна поддршка, кои се однесуваат на специфичните полиња од женското здравје, како што се:

- Хипертензија;
- Остеопороза ;
- Контрацепција и
- Сексуално и репродуктивно здравје.

Во рамки на центарот нудиме и бесплатни услуги, како што се:

- Брзи тестови за шеќер, триглицериди и холестерол во крвта, и
- Мерење на крвен притисок

Сите оние кои се заинтересирани да ги користат услугите на Здравствениот информативен центар можат телефонски да се обратат во центарот секој работен ден од 14 – 16 часот и да договорат средба со здравствените професионалци. Почитување на правото на доверливост на изнесените информации се основните принципи според кои се раководиме во работата на центарот.
Досега приближно 800 клиенти се обратиле во Здравствено информативниот центар, во просек на една година во овој се центар се обраќаат до 100 клиенти.

***Центар за правна помош***

Водејќи се од еден од најгорливите проблеми на општественото живеење- семејното насилство и потребата за обезбедување на соодветна бесплатна правна помош на жените - жртви на овој вид на насилство, ЕСЕ отвори неколку центри за правна помош. Покрај функционирањето на центарот во Скопје, а со цел правилно да ја дисперзираме застапеноста по региони, ЕСЕ отвори два дополнителни центри, и тоа еден во источниот дел- Штип и еден во западниот дел на земјата -Тетово. Работењето на овие два регионални центри до 2010 година беше поддржано од страна на ЕСЕ. Преку нашите тимови составени од адвокати, социјални работници и психолози обезбедуваме бесплатна правна помош, психосоцијална помош и поддршка на жртвите на семејно насилство на целата територија на Р. Македонија.

Преку бесплатната правна помош обезбедуваме правни совети; подготвуваме потребни правни писмени поднесоци и вршиме судско застапување пред надлежните судови (за жртвите кои се социјални случаи или имаат ниски примања). Преку психолошка поддршка даваме прва психолошка помош и поддршка; активно ја слушаме жртвата, во правец на негување на нејзината самодоверба и ги јакнеме капацитетите на жртвата, се до формулирање и донесување на конечната одлука за разрешување на насилството. Исто така: даваме целосни информации за можностите од правна заштита од семејно насилство и ги информираме и упатуваме жртвите до потребните институции и служби коишто работат на полето на семејното насилство

Сите оние кои се заинтересирани да ги користат услугите на Центрите за правна помош можат телефонски да се обратат во центарот секој работен ден од 14 – 16 часот и да договорат средба со нашите професионалци. Центарот за правна помош работи два дена во работната недела (понеделник и вторник од 16 – 19 часот)). Почитување на правото на доверливост на изнесените информации и не застапување на странки со спротивни интереси (конфликт на интереси) се основните принципи според кои се раководиме во работењето на Центрите за правна помош.

Досега во Центарот за правна помош се обратиле над 4000 жени жртви на насилство. Во текот на 2011 година во Центарот се обратиле над 150 жени - жртви и биле реализирани над 360 поединечни средби со членовите на тимот.

***Психолошко советувалиште за жени жртви на семејно насилство***

Советувалиштето преставува прв специјализиран вид на советувалиште кое нуди директна психосоцијална поддршка и третман за сите жртви на семејно насилство кои се подготвени да го прекинат кругот на насилство и да го променат дотогашниот начин на живеење. Тоа е специјализирана форма на помош од страна на професионалци (социјален работник и советувач терапевт) кои ја водат жртвата низ процесот зајакнувајќи ја нејзината независност во донесувањето на вистински одлуки. Советувалиштето нуди повеќе видови на помош и тоа во домените на превенција, советување и кризна или пост-трауматска интервенција. Советувалиштето работи од април 2008 година.

Преку психолошкото советувалиште нудиме: примарна психолошка помош; итна интервенција за заштита од насилството; психолошка помош и поддршка во услови на долготрајна изложеност на насилство и кризна интервенција.

Корисници на психолошкото советувалиште се жените -жртви на семејно насилство, но исто така и децата како секундарни жртви на насилство. Процесот на помош и поддршка се остварува преку одржување редовни средби на индивидуално ниво или група и по нивно претходно закажување. Советувалиштето работи еден ден во текот на работната недела (вторник) од 16-19 часот. Почитување на правото на доверливост на изнесените информации се основните принципи според кои се раководиме во работата на центарот.

Досега во советувалиштето се обратиле вкупно 64 жртви на семејно насилство (вклучувајќи ги нивните деца). Во текот на 2011 година во советувалиштето се обратиле приближно 40 жени-жртви и биле и биле реализирани над 60 поединечни средби на кои било понудена соодветна стручна помош.

Во рамките на оваа програмска компонента, работењето на центрите – советувалиштето, подразбираат спроведување на следните програмски активности:

***1. Здравствен информативен центар***

**1.1. Работа на здравствениот информативен центар**

Здравствено информативниот центар во текот на целата година ќе обезбедува здравствени совети на жените од преку телефонска линија и директни средби; обезбедува информации за видот и начинот на остварување на здравствени услуги кои им се потребни на жените; обезбедува директни здравствени услуги како што се одредување на параметри во крвта: шеќер, холестерол и триглицериди и ќе врши мерење на крвен притисок.

**1.2. Обезбедување на витамински препарати за превенција на остеопороза**

Преку здравствениот информативен центар ќе се обезбедуваат витамини за жените кои имаат потреба од истите, а финансиски не можат да си ги дозволат. Витамините ќе се обезбедуваат во текот на целата година.

**1.3. Подигнување на јавната свесност и промоција на здравјето за специфични прашања поврзани со здравјето на жените**

Во рамките на оваа активност ЕСЕ ќе организира настани за подигнување на јавната свесност за прашања поврзани со здравјето на жените, односно ќе ги одбележи 28 мај – Денот на здравјето на жените и 20 октомври – Меѓународниот ден за превенција на остеопорозата.

***2. Центар за правна помош за жените жртви на семејно насилство***

**2.1. Работење на Центарот за правна помош**

Правниот центар во текот на целата година ќе обезбедува правна помош, советување и застапување за одреден број на жртви на семејно насилство. Покрај правната помош која подразбира обезбедување на правна помош и советување од областа на граѓанската и кривичната заштита од семејно насилство, за потребите на жртвите на семејно насилство во рамките на Центарот за правна помош обезбедена е помош од страна на социјален работник, како и на останати стручни профили зависно од потребите на жртвата. Во

рамките на Центарот за правна помош предвидено е застапување на одреден број на случаи на семејно насилство. Во текот на годината предвидено е застапување на 10 случаи, за чија намена предвидено е надоместување на судските трошоци за првостепената судска постапка за овие случаи.

### *3. Психолошкото советувалиште за жените жртви на семејно насилство*

#### 3.1. Работење на психолошкото советувалиште

За потребите на психолошкото советувалиште советувач – терапевт ја обезбедува потребната помош еднаш во текот на една работна недела.

## III. КОМПОНЕНТА: ПАРАПРАВНА ПОМОШ И ОЛЕСНУВАЊЕ НА ПРИСТАПОТ ДО СИСТЕМОТ ЗА ЗАШТИТА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ПРАВАТА НА ПАЦИЕНТИ

Ромите претставуваат маргинализирана група од многу аспекти на јавниот и општествениот живот, меѓу кои и пристапот до системот за заштита на правото на здравје, пристапот до услугите за здравствена заштита, односно обезбедување на соодветна здравствена заштита. Податоците од теренските истражувања укажуваат на постоење на дискриминаторски практики во однос на можноста на Ромите за целосно уживање на човековите права, особено на правото на здравје, односно, нивниот третман како пациенти, иако медицинскиот персонал го негира постоењето на таквите пракси. Покрај тоа, според одредени показатели, медицинскиот персонал не е доволно информиран за специјалните потреби и навики на Ромите кога истите бараат пристап до здравствените услуги.

Водени од овие потреби во соработка со ромските организации ЦДРИМ, Скопје и КХАМ, Делчево во текот на изминатата година воведовме програми за обезбедување на параправна поддршка, преку кои Ромското население се запознава со можностите за остварување и заштита на правото на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациенти.

Во рамките на оваа програмска компонента во 2012 година ќе се преземат следните активности:

**1. Континуирана обука за параправници**

Во духот на континуирано градење на капацитетите на лицата кои обезбедуваат параправна помош и во текот на оваа програмска година ќе се спроведе циклус од обуки. Во рамките на овој циклус ќе се организираат три обуки.

**2. Функционирање на програмата за параправна помош**

Програмата за параправна помош опфаќа:

- Обезбедување на параправна поддршка во поединечни случаи;
- Спроведување на информативни активности со цел запознавање на Ромското население со обезбедувањето на параправна поддршка, и
- Спроведување на едукативни активности.

***2.1. Параправната поддршка***

Поддршката што ќе ја нудат лицата за обезбедување на параправна помош ќе се состои од давање на совети и препораки за понатамошно постапување на клиентите; придружување на клиентите во институциите кога аплицираат и остваруваат одредено право; изработување на барања и други документи во писмена форма потребни за остварување на одредени права и упатувања до адвокати, институции, владини тела или граѓански организации. При обезбедувањето на совети и препораки за понатамошно постапување, лицата за обезбедување на параправна помош ќе имаат континуирана поддршка од ЕСЕ, односно можност за консултации.

***2.2. Информативните активности***

Овие активности ќе бидат насочени кон промовирање на обезбедувањето на параправната поддршка кај ромското население и ќе обезбедат директно информирање на ромското население.

### *2.3. Едукативни активности*

Во секоја општина, односно, во Шуто Оризари и Делчево ќе се организира серија на едукативни настани- тркалезни маси. Тркалезните маси ќе имаат за цел да ја зголемат свесноста кај ромското население за специфичните здравствени прашања. Дел од овие едукативни настани ќе бидат наменети за запознавање на Ромите со правата на пациентите и нивната заштита од страна на параправниците.

### 3. Организирање на јавни дебати

Обезбедувањето на параправната поддршка во однос на остварување на правата на здравствена заштита и здравствено осигурување, а особено на правата на пациентите ќе овозможат прибирање на податоци кои понатаму можат да послужат за дефинирање и предлагање на мерки и активности кои ќе водат кон унапредување на состојбите. Во таа насока партнерските организации во соработка со ЕСЕ ќе организираат јавни дебати на кои ќе се дискутира по однос на овие прашања. Јавните дебати ќе бидат организирани со цел корисниците/ пациентите и професионалците кои ја нудат таа заштита да дебатираат по споменатите прашања, односно да дебатираат по однос на состојбата на остварување на споменатите права, елиминирање на утврдените препреки и унапредување на состојбите.

### 4. Подготовка на годишни извештаи за спроведување и заштита на правото на здравје на Ромите

Резултатите од обезбедената параправна поддршка во двете ромски заедници ќе им овозможат на партнерските организации солидна база на податоци за подготовка на извештај по однос на здравствената состојба на Ромите и уште повеќе по однос на степенот на спроведување на правата на здравствена заштита, здравствено осигурување и правата на пациентите кај ромското население.

## IV. КОМПОНЕНТА: ЧОВЕКОВИ ПРАВА ВО ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

Личното здравје и здравјето на нашите најблиски е прашање за кое секојдневно водиме грижа. Всушност, тоа претставува основна и неопходна вредност на секое човечко битие без оглед на неговата полова, етничка, старосна и социо-економска припадност. Нарушувањето на личното и здравјето на нашите најблиски значи и неможност за остварување на останатите права и обврски кои ги имаме како членови на нашата заедница/општество.

Правото на здравје, односно "правото на секое лице на најдобро физичко и ментално здравје кое може да се постигне"[4], е право кое за прв пат е артикулирано за време на основањето на Светската здравствена организација-СЗО во 1946 година. Универзалната декларација за човекови права од 1948 година, ова право го споменува како дел на правото на адекватен животен стандард, додека Меѓународниот пакт за социјални, економски и културни права од 1966 година ова право го уредува како одделно човеково право. Со член 12 на овој пакт, државите – договорни страни се обврзуваат да го признаат правото на секое лице на најдобро физичко и ментално здравје што може да се постигне во дадената земја. Овој пакт ги пропишува и мерките кои државите -договорните страни треба да ги преземат со цел да обезбедат целосно остварување на ова право, и тоа:намалување на бројот на мртвородени деца и смртноста на децата, како и здрав развиток на децата; подобрување на сите видови хигиена на средината и на идустриска хигиена; профилактика и лекување на епидемични, ендемични, професионални и други заболувања, како и борба против овие болести и создавање на услови за обезбедување на лекарски услуги и помош за сите во случај на болест.

Правото на здравје како дел од таканаречената "втора генерација на човекови права", односно дел од економските, социјалните и културните права, е право чие спроведување зависи од расположивите ресурси на секоја држава- договорна страна на Меѓународниот пакт за социјални, економски и културни права.Односно, согласно на одредбите на пактот, правата кои се уредени со него, вклучувајќи го и правото на физичко и ментално здравје, не им наметнува на државите неодложна обврска во спроведување на овие права, туку ги обврзува да преземат чекори за постепено потполно остварување на правата, при тоа користејќи ги во најголема можна мерка своите расположливи ресурси.

Токму поради ваквиот третман, правото на здравје според видувањата на Специјалниот известувач на ОН за правото на физичко и ментално здравје, Anand Grover, состојбите резултираат со негова неприменливост на национално ниво, а со тоа и недостиг на внимание и инвестиции за негова реализација. Враќањето на фокусот на спроведување на правото на здравје на меѓународно, регионално и национално ниво е резултат на уредувањето на ова право во меѓународните документи; судски одлуки на национални, регионални и меѓународни механизми за заштита на човекови права; напорите на меѓународните тела кои вршат мониторинг врз спроведување на меѓународните документи и напорите на меѓународните и граѓанските организации кои работат на заштита на човековите права, односно правото на здравје. Како резултат на напорите кои во последно време се преземаат на ова поле, во 2002 година воспоставен е Специјален известувач за остварување на правото на здравје на ОН.

Сепак и покрај овие значајни постигнувања и континуирани напори за унапредување, уживањето на правото на здравје за одредени категории на лица се уште е недостижно.

[4] Член 12 од Меѓународниот пакт за социјални, економски и културни права.

Според видувањата на Специјалниот известувач на ОН за правото на физичко и ментално здравје, "интеракцијата на многумина со здравствените установи и давателите на здравствени услуги е проследена со дискриминација, злоупотреба и со прекршување на основните права", односно постои потреба од запознавање и информирање на пациентите и здравствените работници за препознавање и применување на човековите права при обезбедување на здравствени услуги, како и градење на однос на еднаквост и почитување помеѓу пациентот и здравствениот работник, односно елиминирање на факторите кои можат да водат кон ограничување и нарушување на правото на здравје.

Правото на здравствана заштита е уставно загарантирано право во нашата земја, и истото е подетално уредено со законите кои ја уредуваат оваа материја. Почитувањето на човековите права во здравствената заштита преставува прашање за кое во нашата земја поинтензивно се говори по донесувањето на Законот за заштита на правата на пациенти во 2008 година. Со Законот за заштита на правата на пациентите се уредува заштитата на правата на пациентите во користењето на здравствената заштита; правата и обврските на пациентите; правата и обврските на здравствените установи и здравствените работници и соработници, општините и фондот за здравствено осигурување во заштитата на правата на пациентите; постапката за заштита на правата на пациентите, како и надзорот над спроведувањето на законот. Во изминатите неколку години презмени се активности во насока на зголемување на степенот на разбирање на овој концепт и особено користењето на правните инструменти за заштита на правото на здравствена заштита и заштита на права на пациенти поддржани од страна на Фондациијата отворени општества Њујорк, Програма за јавно здравство, Програма за грантови за човекови права и владеење и Фондацијата отворено општество Македонија, Програма за јавно здравство во рамки на иницијативата која вклучува повеќе држави (Ерменија, Грузија, Киргистан, Казахстан, Русија и Украина). Предложените активности за оваа програмска година преставуваат продолжување и надградување на досега преземенети активности на ова поле во нашата земја.

Во рамките на оваа програмска компонента ќе се спроведат следните активности:

**1. Прирачник за практичари – Човековите права во здравствената заштита**

Како резултат на поддршката на Фондацијата Институт Отворено Општество Македонија, Фонациите отворено општество, Њујорк- Иницијативата право и здравство и Програмата за човекови права и владеење, а во соработка со Медицинскиот факултет- Скопје и ЦРИС "Студиорум" беше подготвен и издаден Прирачникот за практичари под наслов **Човековите права во здравствената заштита.** Овој прирачник е наменет за правниците, адвокатите, судиите, здравствените работници и соработници, раководителите на здравствените установи, претставниците на граѓанските организации кои се занимаваат со заштита на правото на здравје и човековите права, воопшто, академската и останатата професионална јавност.

Имајќи предвид дека Прирачникот на практичари е изработен во согласност со позитивните прописи до 31 март, 2010 година, во текот на оваа програмска година ќе се интегрираат измените и дополнувањата на позитивните прописи користени и цитирани во прирачникот.

Интегрирањето на измените и дополнувањата на позитивните прописи ќе овозможи континуирано обновување на содржината на прирачникот и наедно запознавање на практичарите со новините по однос на оваа проблематика.

**2. Обука за практичари**

Во насока на поголема инволвираност на практичари и проширување на мрежата на заинтересирани во однос на оваа проблематика, во текот на оваа програмска година ќе се организираат работни средби кои ќе има за цел добивање на повратен одговор од страна на практичарите по однос на содржината на прирачникот, запознавање на учесниците со веб страната наменета за практичари и дискусија по однос на конкретни случаи од пракса кои ќе резултираат со размена на искуства по однос на начинот на постапување и заштита на правата од областа на здравствена заштита, здравствено осигурување и заштита на права на пациентите, односно унапредување на познавањата по однос на прашањата од оваа област.

**3. Веб страна наменета за практичари и општа јавност**

Покрај Прирачникот за практичари како резултат на напорите за популаризирање на заштитата на правото на здравје, подготвена е посебна тематска страна www.healthrights.mk. Оваа веб страна служи како извор на информации поврзани со оваа проблематика и исто како и Прирачникот наменета е за пошироката професионална и општа јавност - пациентите.

**4.Подготовка на информативни материјали наменети за општа популација**

Во рамките на оваа активност за оваа програмска година предвидена е подготовка на информативни материјали/брошури за две категории на ранливи лица со цел да се запознаат со правата на пациентите и можностите за нивна заштита.

**5. Подготовка на анализа во однос на степенот на спроведување на Законот за заштита на правата на пациентите**

Имајќи предвид дека Законот за заштита на права на пациенти се уште не е заживеан, во рамките на оваа активност ЕСЕ ќе спроведе интервјуа со претставници на институции/органи и комисии кои имаат за задача да работата на полето на унапредување и заштита на правата на пациентите. Во таа смисла ќе спроведеме анализа на повеќе фактори кои влијаат врз степенот на спроведување на Законот за заштита на правата на пациенти. Покрај утврдување на состојбите,  дел од анализата ќе се фокусира на идентификување на пречките во спроведување на законот и предлагање на мерки за нивно надминување.

**6. Ангажирање на соработник**

Во рамките на оваа програмска компонента предвидено е анагажирање и обучување на правник кој ќе учествува во спроведување на предвидените активности, односно ќе се стекне со проодлабочени познавања за оваа проблематика. На овој начин оваа инцијатива/програмска активност го проширува кругот на професионалци кои работат на

прашањето на спроведување и заштита на правото на здравје, а со тоа и придонесуваат кон унпаредување на состојбите на ова поле.

## V. ПОДГОТОВКА НА ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОГРЕСОТ ПО ОДНОС НА ЗАКЛУЧНИТЕ КОМЕНТАРИ НА КОМИТЕТОТ ЗА ЕЛИМИНИРАЊЕ НА СИТЕ ФОРМИ НА ДИСКРИМИНАЦИЈА ВРЗ ЖЕНИТЕ

Република Македонија ја ратификуваше Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените, од што произлегува и обврската за нејзино инкорпорирање во позитивното законодасвтво, односно почитување и применува ње на нејзините одредби. Согласно обврската за известување по овој меѓународен документ, РМ со задоцнување во 2005 година го поднесе својот инцијален, втор и трет перидоичен извештај за спроведувањето на оваа Конвенција. Комбинираниот извештај на РМ беше разгледуван од страна на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на 34-та седница која се оджа на 25.01.2006 година. По одржување на седницата Комитетот ги изготви и упати до РМ своите Заклучни коментари[5]. Заклучните коментари ги содржат главните области на загриженост и препораките за натамошно унапредување на состојбите во нашата земја.

Користејќи ја можноста од учество на граѓански организации во процесот на известување пред Комитетот за елиминација на сите форми на дискриминација на жените, ЕСЕ во периодот 2003-2005 година спроведе процес на процена и фактичката состојба на жената во нашата земја и направи анализа на правната усогласеност на позитивното законодавство. Како резултат на овој процес беше подготвен и публикуван Извештај во сенка кон Конвенцијата[6], кој беше презентиран на пред сесија на Комитетот во 2005 и на 34 сесија на Комитетот во јануари 2006 година.

Значајно е да се напомене дека препораките содржани во Извештајот во сенка, беа основа за повеќето од заклучните препораки на Комитетот, со што се потврди значењето на процесот на подготовка на Извештајот во сенка, неговото влијание во застапувањето на правата на жените и забрзувањето на родовата еднаквост.

По однос на изразените сфери на загриженост содржани во Заклучните коментари, Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените бара РМ да одговори во следниот периодичен извештај, односно во четвртиот периодичен извештај во февруари 2007, петтиот периодичен во февруари 2011, или комбинираниот извештај во 2011 година.

Оттаму, во насока на следење на добрата практика на мониторирање и известување пред меѓународните тела во однос на сотојбата на жените, оваа програмска година ЕСЕ во соработка со Здружението на граѓани Акција Здруженска ќе преземе низа активности во насока на подготовка на периодичен извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

Во рамките на оваа програмска компонента ќе се реализираат следните активности:

**1. Активности за утврдување на остварениот прогрес по однос на Заклучните коментари на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените на ОН**

[5] http://www.esem.org.mk/Root/mak/_docs/Izvestai/Izvestai%20vo%20senka/1/Заклучни%20коментари.pdf

[6] http://www.esem.org.mk/Root/mak/_docs/Izvestai/Izvestai%20vo%20senka/Извештај%20во%20сенка%20кон%20Конвенцијата%20за%20елиминација%20на%20сите%20форми%20на%20дискриминација%20врз%20жената.pdf

Оваа активност подразбира спроведување на два вида на подактивности. Имено, прогресот по однос на спроведувањето на Заклучните коментари ќе биде утврден преку прибирање на релевантни информации од страна на одговорни лица за спроведување на истите и преку спроведување на низа консултативни средби со претставници на граѓански организации, кои работат на полето на родова еднаквост. Покрај двата споменати извори на информации, прогресот по однос на Заклучните коментари ќе се оценува и со помош на останати дополнителни извори на информации, односно извештаи, студии, истражувања и др.

**2. Активности за оценување на усогласеноста на постојното законодавство со одредбите на Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените**

Оваа активност ќе се спроведе преку спроведување на правна анализа на постојното законодавство. За потребите на правната анализа ќе се прилагодат веќе употребуваните инструменти/рамка за оценување на правната усоглсеност.

**3. Активности за подготовка на периодичен извештај во сенка кон Конвенцијата за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените**

Информациите/наодите од спроведените интервјуа со одговорните лица и консултативни средби со граѓанските организации, како и наодите за правна усогалсеност на постојното законодавство ќе бидат аналзирани и структурирани во формат на периодичен извештај, согласно на упатсвото за известување објавено од страна на Комитетот за елиминирање на сите форми на дискриминација врз жените.

## VI. КОМПОНЕНТА: АКТИВНОСТИ ЗА ПРИБИРАЊЕ НА СРЕДСТВА ВО НАСОКА НА РАЗВИВАЊЕ НА ФИЛАНТРОПИЈА

Долгогодишното искуство на ЕСЕ во делот на комуникација и развивање на соработка со компании во насока на заедничко унапредување на состојбите во општеството покажува дека посветеност кон своите соработници и нудење на можност за нивно директно вклучување во планирање, организација и реализација на одредени настани и проекти донесува позитивни резултати. Во минатиот период оствиривме директна соработка со вкупно 13 компании, од кои 11 се нови соработници, 2 се постојани соработници и 2 потенцијални идни соработници.

Со посветенот и работа на Здружението ЕСЕ во насока на развивање на блиски односи со постојаните и идни компании и индивидуи поддржувачи на работењето на ЕСЕ, во 2011 година беа спроведени низа активности во насока на заедничко организирање и спроведување на настани и кампањи со цел унапредување на состојбите во општеството.

Вредно е да се спомене дека сите планирани активности и поставени цели во делот на развој на филантропијата и зголемување на соработката со корпоративниот сектор за 2011 година, беа во целост остварни и реализирани.

Како позначајни активноти кои би сакале да ги истакнеме, а кои беа реализирани во текот на 2011 година се:

<u>Кампања за борба против остеопорозата под **наслов „Не дозволувајте Вашите коски да стареат побргу од Вас! Кажи стоп на остеопорозата сега!“**</u>

Оваа кампања е дел од редовните активности на Женскиот здравствено информативен центар на ЕСЕ. Традиционално секоја година ЕСЕ спроведува Кампања за подигнување на свеста кај женската популација за начинот на превенција од ова заболување, ризиците кои ги носи ова заболување, можностите за спречување на развојот на оваа болест и третман на ова заболување. Како дел од активностите во оваа кампања е и обезбедување на бесплатни бондензитометриски прегледи за жени кои спаѓаат во ризични категории за појава и развој на ова заболување и жени кои се финансиски немоќни. Со оваа активност при спроведувањето на кампањата во 2011 година беа опфатени 50 жени од Македонија.

Со цел успешно спроведување на кампањата, во спроведувањето на различни активности ЕСЕ ги вклучи своите долгогодишни соработници и изгради соработка со нови соработници од корпоративниот сектор. Како дел од оваа кампања во делот на обезбедување на бесплатни бондензитометриски прегледи и нивно спроведување активно учество земаа Кенди фарма дооел и Прва приватна општа болница Ремедика, кампањата беше медиумиски поддржана со низа промотивни активности од страна на Телевизија 24 вести и танцовиот клуб Ритам Плус. Спроведувањето на кампањата беше финансиски подржано од Швајцарската агенција за развој и соработка – SDC, а имплементирано од Центарот за институционален развој - CIRa.

**Новогодишна забава**

Како дел од планираните редовни активности во Центарот за правна помош на жени жртви на семејно насилство беше организирана и спроведена Новогодишна забава за децата на жртвите на семејно насилство т.е децата на лицата регистрирани како корисници на некоја од услугите во центарот за правна помош и центарот за психолошка помош.

Оваа новогодишна забава воедно има за цел да ја одбележи и да ја потврди нашата посветеност и работа на полето на унапредување на положбата на жената во нашето општество, постигнување на социјална правда и еднаквост.

Новогодишната забава беше одржана на 25/12/2011 година со почеток во 12 часот во Концертната сала на Домот на АРМ во Скопје, во траење од 2 часа, односно од 12:00 до 14:00 часот. На новогодишната забава беа присутни 65 деца на регистрирани клиенти во Здружението ЕСЕ и нивните родители, претставници на поддржувачите на забавата и персоналот на ЕСЕ.

Новогодишната забава беше поддржана од: Домот на АРМ, Супер Ѕвезда, Арт Алијанце, Балон Арт, Анхоч, АВТ Интернатионал, Клевер МК, Оффице плус и Кодинг дооел Скопје.

Искуствата здобиени во процесот на контактирање се донаторите, договарање на чекорите за заедничко настапување, планирање на настаните и нивна организација и спроведување покажаа дека во Р. Македонија постојат компании кои реално ги согледуваат општествените проблеми и недостатоци со кои се соочува населението и покажуваат желба и интерес за директно, а не посредно влијаење, за надминување на ваквите состојби.

Искуствата кои ги здобивме со подготовка и реализација на Кампањата за остеопороза и Новогодишната забава во 2011 година не наведуваат да заклучиме дека на македонското тло постои простор и можност за соработка со корпоративни донатори. Но треба да се превземат чекори кон разбивање на табуто кое постои за невлаидите организации како “перачи на пари” преку реално и директно вклучување на соработниците во целиот процес на планирање, организирање и реализација на настаните. Искрен настап во соработката со истите. Отворање на простор за реализација на идни идеи кои ќе потекнат од донаторите да се реализираат заеднички и промовирање на поволностите кои можат да ги стекнат истите.

Како дел од активностите за развој на филантропија во текот на 2012 година ЕСЕ планира да спроведе низа активности кои значително ќе помогнат кон унапредување на состојбите во општеството и помош на целните групи за задоволување на своите потреби, и тоа:

- Продолжување на досегашната соработка со корпоративни донатори,
- Воспоставување и унапредување на соработката со нови потенцијални корпоративни донатори,
- Организирање и реализација на традиционалните настани и кампањи на ЕСЕ,

- Организирање на специјални настани за прибирање на средства, промовирање на работењето на ЕСЕ и одговарање на потребите на клиентите на ЕСЕ.

Со цел реализирање на предвидените активности ЕСЕ подготви стратегија за вклучување на бизнис секторот во нивното спроведување на различни начини. Сите настани кои ќе бидат реализирани во текот на 2012 година се во директна корелација со програмите на кои работи ЕСЕ, а се насочени кон обезбедување на услуги за целните групи, зголемување на свесноста кај населението за постоењето на одреден проблем, промоција на работењето на ЕСЕ итн.